РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

К О Н К У Р С

за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип во учебната 2018/2019 година во втор уписен рок

Штип, 2018 г.

Конкурс за запишување студенти на прв циклус универзитетски академски и стручни студии на студиските програми на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип во учебната 2018/2019 година во втор уписен рок

I. Број на студенти

На единиците на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип во прва година на прв циклус универзитетски академски и стручни студии, за кои се стекнува универзитетска диплома или професионална диплома, во учебната 2018/2019 година во вториот уписен рок ќе се запише следниов број студенти:

4	Редовни во државна квота	Износ на надоместок (ЕУР - годишно)	Редовни со кофинансирање	Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно)	Вонредни	Износ на кофинансирање (ЕУР - годишно)	Вкупен број на студенти
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – ШТИП	**189**	**100/200**	**60**	**100/400**	**55**	**400**	**304**
ШТИП		**200**		**400**		**400**	
Правни студии	68	**200**	30	**400**	28	**400**	**126**
Медиумски студии и односи со јавноста	28	**200**	10	**400**	10	**400**	**48**
СТРУМИЦА		**200**		**400**		**400**	
Правни студии	93	**100**	20	**100**	17	**400**	**130**
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП	**284**	**100/200**	**80**	**100/400**	**70**	**400**	**434**
ШТИП		200		400		**400**	
Бизнис економија	44	200	10	400	10	400	**64**
Маркетинг менаџмент	34	200	10	400	9	400	**53**
Сметководство и ревизија	29	200	10	400	9	400	**48**
Менаџмент и претприемништво	40	200	10	400	10	400	**60**
Финансии	33	200	10	400	7	400	**50**
СКОПЈЕ		**100**		**100**		**400**	
Бизнис економија	38	100	10	100	8	400	**56**
СТРУМИЦА		**100**		**100**		**400**	
Финансии	36	100	10	100	8	400	**54**
Менаџмент и претприемништво	30	100	10	100	9	400	**49**

ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ - ШТИП	**77**	**200**	**40**	**400**	**33**	**400**	**150**
ШТИП		**200**		**400**		**400**	
Одделенска настава	11	**200**	10	**400**	8	**400**	29
Предучилишно воспитување	17	**200**	10	**400**	3	**400**	30
Историја	15	**200**	5	**400**	5	**400**	25
Историја – наставна насока	10	**200**	5	**400**	2	**400**	17
Археологија	15	**200**	5	**400**	5	**400**	25
Педагогија	9	**200**	5	**400**	10	**400**	24
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП	**301**	**100/200**	**100**	**100/400**	**90**	**400**	**491**
ШТИП		**200**		**400**		**400**	
Поледелство	34	**200**	10	**400**	9	**400**	**53**
Фитомедицина	39	**200**	10	**400**	8	**400**	**57**
Растителна биотехнологија	19	**200**	10	**400**	10	**400**	**39**
СТРУМИЦА		**100**		**100**		**400**	
Агроменаџмент	38	**100**	10	**100**	8	**400**	**56**
Градинарство	35	**100**	10	**100**	10	**400**	**55**
Растителна биотехнологија	17	**100**	10	**100**	9	**400**	**36**
КАВАДАРЦИ		**100**		**100**		**400**	
Енологија	20	**100**	10	**100**	8	**400**	**38**
Лозаро - овоштарство	26	**100**	10	**100**	9	**400**	**45**
ПРИЛЕП		**100**		**100**		**400**	
Фитомедицина	36	**100**	10	**100**	9	**400**	**55**
Поледелство	37	**100**	10	**100**	10	**400**	**57**
МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА - ШТИП	**79**	**200**	**33**	**400**		**400**	**112**
ШТИП		**200**		**400**		**400**	
Дипломиран музички теоретичар и музички педагог: Модули - Хорски диригент - Изведувач на народни инструменти - Изведувач на етно хармоника - Изведувач Етно пејач	20	**200**	10	**400**		**400**	**30**
Дипломиран етнокореолог	3	**200**	5	**400**			**8**
Дипломиран музичар изведувач							
• Флејта	2	**200**	1	**400**			**3**
• Обоа	1	**200**	0	**400**			**1**
• Кларинет	0	**200**	0	**400**			**0**
• Хорна	2	**200**	0	**400**			**2**
• Труба	1	**200**	1	**400**			**2**
• Тромбон	2	**200**	1	**400**			**3**
• Туба	2	**200**	1	**400**			**3**
• Фагот	1	**200**	1	**400**			**2**
• Виолина	2	**200**	1	**400**			**3**
• Виола	1	**200**	1	**400**			**2**
• Виолончело	1	**200**	1	**400**			**2**
• Контрабас	2	**200**	1	**400**			**3**

• Гитара	2	**200**	0	**400**			**2**
• Соло пеење	0	**200**	0	**400**			**0**
• Пијано Модул: - Камерна музика - Корепетиција	7	**200**	2	**400**			**9**
Дипломиран џез музичар							
• Џез гитара	1	**200**	1	**400**			**2**
• Џез гитара (настава на англиски јазик)	2	**200**	0	**400**			**2**
• Џез труба	2	**200**	1	**400**			**3**
• Џез тромбон	2	**200**	0	**400**			**2**
• Џез саксофон	2	**200**	2	**400**			**4**
• Џез кларинет	2	**200**	0	**400**			**2**
• Џез тапани	4	**200**	1	**400**			**5**
• Џез пијано	2	**200**	1	**400**			**3**
• Џез бас	2	**200**	1	**400**			**3**
Дипломиран музичар изведувач на чалгиски инструмент							
• Канон	2	**200**	0	**400**			**2**
• Ут	2	**200**	0	**400**			**2**
• Кларинет	0	**200**	0	**400**			**0**
• Виолина	2	**200**	0	**400**			**2**
Дипломиран композитор	3	**200**	0	**400**			**3**
Дипломиран музичко сценски режисер	2	**200**	0	**400**			**2**
ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА - ШТИП	**18**	**200**	**10**	**400**		**400**	**28**
ШТИП		**200**		**400**		**400**	
Класично сликарство	9	**200**	5	**400**		**400**	**14**
Вајарство	9	**200**	5	**400**		**400**	**14**
ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА - ШТИП	**16**	**200**	**10**	**400**		**400**	**26**
ШТИП		**200**		**400**		**400**	
Современ танц	**6**	**200**	**5**	**400**		**400**	**11**
Современ танц (настава на англиски јазик)	**10**	**200**	**5**	**400**		**400**	**15**
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ШТИП	**220**	**100/200**	**95**	**100/400**	**105**	**400**	**420**
ШТИП		**200**		**400**		**400**	
Компјутерско инженерство и технологии	17	**200**	20	**400**	19	**400**	**56**
Компјутерски науки	63	**200**	20	**400**	20	**400**	**103**
Бизнис информатика	36	**200**	20	**400**	18	**400**	**74**
Бизнис информатика (настава на англиски јазик)	10	**200**	5	**400**	4	**400**	**19**
Математика - наставна	17	**200**	/	**400**	19	**400**	**36**
СКОПЈЕ		**100**		**100**		**400**	
Бизнис информатика	46	**100**	20	**100**	17	**400**	**83**
КАВАДАРЦИ		**100**		**100**		400	
Компјутерско инженерство и технологии	**17**	**100**	**5**	**100**	**3**	**400**	**25**

Компјутерски науки	14	**100**	5	**100**	5	**400**	**24**
ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ - ШТИП	165	**100/200**	**60**	**100/400**	**52**	**400**	**277**
ШТИП							
Рударство	**16**	**200**	**5**	**400**	**1**	**400**	**22**
Геологија	11	**200**	5	**400**	4	**400**	**20**
Пејзажна архитектура	4	**200**	5	**400**	4	**400**	**13**
Индустриска логистика	19	**200**	5	**400**	3	**400**	**27**
Инженерство за заштита на животна средина	11	**200**	5	**400**	4	**400**	**20**
Дизајн на ентериер и мебел	44	**200**	5	**400**	10	**400**	**59**
Географија	5	**200**	5	**400**	5	**400**	**15**
ПРИЛЕП		**100**		**100**		**400**	
Рударство	**5**	**100**	**5**	**100**	**3**	**400**	**13**
Геологија	15	**100**	5	**100**	4	**400**	**24**
СКОПЈЕ		**100**		**100**		400	
Геологија	**10**	**100**	**5**	**100**	**4**	**400**	**19**
КАВАДАРЦИ		**100**		**100**		400	
Индустриска логистика	**25**	**100**	**10**	**100**	**10**	**400**	**45**
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - ШТИП	181	**200**	95	**400**	65	**400**	**341**
ШТИП							
Македонски јазик и книжевност *	**26**	**200**	**15**	**400**	**7**	**400**	**48**
Германски јазик и книжевност *	28	**200**	10	**400**	7	**400**	**45**
Англиски јазик и книжевност *	30	**200**	20	**400**	5	**400**	**55**
Турски јазик и книжевност *	35	**200**	10	**400**	10	**400**	**55**
Француски јазик и книжевност *	9	**200**	10	**400**	10	**400**	**29**
Италијански јазик и книжевност*	28	**200**	10	**400**	10	**400**	**48**
СТРУМИЦА							
Англиски јазик и книжевност *	12	**100**	10	**200**	6	**400**	**28**
Италијански јазик и книжевност*	13	**100**	10	**200**	10	**400**	**33**
ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ - ШТИП	104	**200**	144	**400**	40	**400**	**288**
ШТИП		**200**		**400**			
Општа медицина	**0**	200	**31**	**400**	**/**		**31**
Дентална медицина	24	200	39	**400**	/		**63**
Фармација	27	200	39	**400**	/		**66**
Медицински сестри/техничари – тригодишни стручни студии	0	200	4	**400**	0	**400**	**4**
Физиотерапевти – тригодишни стручни студии	0	200	1	**400**	6	**400**	**7**
Медицински лаборанти – тригодишни стручни студии	21	200	10	**400**	7	**400**	**38**
Забен техничар/протетичар – тригодишни стручни студии	18	200	10	**400**	16	**400**	**44**
Акушерки	14	200	10	**400**	11	**400**	**35**
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ГЕВГЕЛИЈА	133	**100/200**	128	**100/400**	82	**400**	**343**
ГЕВГЕЛИЈА		**200**		**400**		**400**	
Туризам	**15**	**200**	**10**	**400**	**10**	**400**	**35**
Бизнис логистика	13	**200**	10	**400**	10	**400**	**33**

Хотелско-ресторанска насока	28	**200**	10	**400**	10	**400**	**48**
СКОПЈЕ		**100**		**100**		**400**	
Бизнис логистика	**0**	**100**	**30**	**100**	**4**	**400**	**34**
Бизнис администрација	22	**100**	30	**100**	12	**400**	**64**
ШТИП		**100**		**100**		**400**	
Гастрономија и исхрана	**18**	**100**	**8**	**100**	**7**	**400**	**33**
Хотелско-ресторанска насока	19	**100**	3	**100**	1	**400**	**23**
Туризам	9	**100**	10	**100**	6	**400**	**25**
Бизнис логистика	**0**	**100**	**7**	**100**	**15**	**400**	**22**
Бизнис администрација	9	**100**	10	**100**	7	**400**	**26**
ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ РАДОВИШ	92	**100/200**	40	**100/400**	35	**400**	**167**
РАДОВИШ		**200**		**400**		**400**	
Електроенергетика и обновливи извори на енергија	19	**200**	5	**400**	9	**400**	**33**
ШТИП		**100**		**100**		**400**	
Автоматика и системско инженерство	**22**	**100**	**15**	**100**	**6**	**400**	**43**
Електроенергетика и обновливи извори на енергија	23	**100**	15	**100**	10	**400**	**48**
СТРУМИЦА							
Автоматика и системско инженерство	**28**	**100**	**5**	**100**	**10**	**400**	**43**
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - ВИНИЦА	139	**100/200**	50	**100/400**	47	**400**	**236**
ШТИП		**100**		**100**		**400**	
Производно машинство	**24**	**100**	**10**	**100**	**7**	**400**	**41**
СТРУМИЦА		**100**		**100**		**400**	
Индустриско инженерство	**28**	**100**	**10**	**100**	**10**	**400**	**48**
Производно машинство	27	**100**	10	**100**	10	**400**	**47**
ВИНИЦА		**200**		**400**		**400**	
Производно машинство	**30**	**200**	**10**	**400**	**10**	**400**	**50**
Индустриско инженерство	30	**200**	10	**400**	10	**400**	**50**
ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - ПРОБИШТИП	89	**100/200**	30	**100/400**	**22**	**400**	**141**
ПРОБИШТИП		**200**		**400**		**400**	
Технологија на материјали	15	**200**	5	**400**	5	**400**	**25**
ШТИП		**100**		**100**		**400**	
Технологија на текстил и облека	**19**	**100**	**5**	**100**	**2**	**400**	**26**
Дизајн на текстил и облека	13	**100**	5	**100**	3	**400**	**21**
Прехранбена технологија – тригодишни студии	16	**100**	5	**100**	4	**400**	**25**
ПРИЛЕП		**100**		**100**		**400**	
Технологија на материјали	13	**100**	5	**100**	3	**400**	**21**
Дизајн на текстил и облека	13	**100**	5	**100**	5	**400**	**23**
ВКУПНО	**2087**		**975**		**696**		**3758**

*** Студентите запишани на овие студиски програми во петти семестар имаат можност да се определат за еден од насоките: Наставна насока или Преведување и толкување, односно модулите: Наставна или Применета насока за студентите запишани на студиската програма Македонски јазик и книжевност.**

НАПОМЕНИ:

Универзитетот ја организира наставата во првиот циклус на студии на соодветните единиците надвор од своето седиште, во местото каде што се врши уписот, до добивањето на диплома за освоените 180 кредити. Универзитетот го задржува правото во одредени случаи да ја организира наставата за дополнителните 60 кредити од првиот циклус на студии во седиштето на единицата, за добивање на диплома за прв циклус на студии.

Во случај на предвидените студиски програми на единиците да се запишат помалку од 20 студенти, Универзитетот „Гоце Делчев“ го задржува правото да го распредели студентот на матичниот факултет или студентот да може да одбере друга активна студиска програма на која има слободни места. Исклучок се студиските програми кои по Конкурс имаат предвидено помали квоти од 20 студенти.

II. Услови и критериуми за запишување

Право на запишување на прв циклус универзитетски и стручни студии имаат кандидати со завршено четиригодишно средно образование (кандидати **со завршена државна матура;** кандидати **кои завршиле во претходните години пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура, односно училишна матура)** во средни училишта верифицирани со акт на Министерството за образование и наука, кандидати со завршено четиригодишно средно образование **(со завршена училишна матура),** како и кандидати со завршено четиригодишно средно образование **(со завршена меѓународна матура)**.

При пријавување на кандидатите за запишување на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во пријавните листови кандидатите можат селективно да ги набележат своите три можни приоритетни избори на студиски програми од различни единици кои се во рамките на Универзитетот.

Пример: **1. Државна квота, Факултет А**
2. Кофинансирање, Факултет А
3. Државна квота, Факултет Б

Кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите.

На прв циклус на студии можат да се запишуваат и вонредни студенти, доколку тоа го овозможува карактерот на студиската програма.

На прв циклус универзитетски и стручни студии може да се запише лице кое положило државна матура или меѓународна матура.

Ако на конкурсот за запишување студенти на прв циклус универзитетски и стручни студии во првиот уписен рок не се јави доволен број кандидати кои ги исполнуваат условите од член 108, став 1 од Законот за високо образование (Сл.весник бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 , 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16, 127/16 и 82/18), право на упис на прв циклус студии можат да имаат и лицата кои положиле училишна матура во гимназиско образование или завршен испит по завршено соодветно стручно средно образование со четиригодишно траење.

На прв циклус универзитетски студии од областа на уметностите може да се запише лице кое положило државна матура, меѓународна матура или училишна матура во уметничко образование.

За вториот и третиот уписен рок кандидатите со државна матура, меѓународна матура, училишна матура во гимназиско образование или завршен испит по завршено соодветно стручно средно образование со четиригодишно траење се рамноправни.

Начинот на селекција и рангирање на кандидатите ќе се врши во зависност од видот на студиските програми за кои конкурираат, и тоа:

а) студиски програми каде што селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на успехот од средното образование (60 поени) и успехот постигнат на државната матура (40 поени);

б) на студиските програми каде што селекцијата се врши само според успехот од средното образование (кандидати кои завршиле во претходните години, пред 2007/2008 година), општиот успех по сите предмети учествува со 100% и по таа основа можат да се добијат најмногу 100 поени;

в) студиски програми каде што селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на успехот од средното образование (60 поени) и успехот постигнат на училишната матура (20 поени);

г) студиски програми со посебни специфичности каде што селекцијата ќе се врши врз основа на успехот од средното образование (40 поени) и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите (60 поени);

д) студиски програми каде што селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на успехот од средното образование (60 поени) и успехот постигнат на меѓународната матура (шест предмети - 36 поени) и матурска тема (4 поени).

Во прилог на Конкурсот е дадена листа на студиските програми и видот на проверката на знаењата и умеењата на кандидатите (листа 1).

1. Основен критериум за селекција и рангирање на кандидатите за запишување на додипломски студии е успехот постигнат во средното образование. Во зависност од видот на студиската програма, дополнителен критериум за селекција е проверка на знаењата и умеењата на кандидатите.
Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени. Кандидатите можат да освојат најмногу **100 поени, односно 80 поени,** и тоа:

а) На студиските програми каде селекцијата се врши само според успехот од средното образование, (**кандидати со државна матура или без матура**) може да освојат најмногу **100 поени.** Кај кандидатите со државна матура, општиот успех по сите предмети учествува со 60%, а успехот постигнат на државната матура учествува со 40%. Кај кандидатите кои се без матура, општиот успех по сите предмети постигнат во средно образование учествува со 100%. Кандидатите со училишна матура може да освојат најмногу 80 поени, и тоа: општиот успех по сите предмети учествува со максимум 60 поени, а успехот постигнат на училишната матура учествува со максимум 20 поени.

а1) На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование (кандидати со државна матура)** бодирањето се врши на следниов начин:

а.1.1. Успех од средното образование

Се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **12**. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

просечна оценка X 12 = најмногу 60 поени

(пример со просек 5,00: 5 x 12 = 60 поени)

а.1.2 Успех постигнат на државната матура

<u>За кандидати кои положиле државна матура:</u>

Кон оценката од секој екстерен предмет **(Е)** се додава перцентилниот ранг на кандидатот (изразен во проценти) поделен со 20. По оваа основа можат да се добијат најмногу **30 поени** за екстерните предмети **(а).**

Оценката од интерниот предмет **(И)** кој се полагал на државната матура се множи со **коефициент 1,2**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **6 поени (б).**

Оценката добиена на **проектната задача** (**П**) се множи со **коефициент 0,8**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени (в).**

(а) = $Е_1$ + $ПР_1$/20 + $Е_2$ + $ПР_2$/20 + $Е_3$ + $ПР_3$/20 = најмногу 30 поени

(б) = И x 1,2 = најмногу 6 поени

(в) = П X 0,8 = најмногу 4 поени

Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40 поени (а+б+в).**

а2) Поените на кандидатите кои завршиле пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура се пресметуваат на следниов начин:

На студиските програми каде што селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование (кандидати без матура),** бодирањето се врши на следниов начин:

а.2.1. Успехот од средното образование

Се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **20.** По оваа основа може да се добијат најмногу **100 поени**.

просечна оценка X 20 = најмногу 100 поени (пример со просек 5,00: 5 x 20 = 100 поени)

а3) На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование (кандидати со училишна матура),** бодирањето на успехот постигнат во средно образование се врши на следниов начин:

а.3.1. Успех од средното образование

Се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу 60 поени.

Формулата за пресметување на поените од успехот од средно училиште е:

просечна оценка Х 12 = најмногу 60 поени

(пример со просек 5,00: 5 х 12 = 60 поени)

а.3.2. Успех постигнат на училишната матура

Оценките од двата предмета **($Пр_1$ и $Пр_2$)** кои се полагаат на училишната матура се множат со коефициент 1,6. Добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу 16 поени. Оценката добиена на проектната задача (**П**) се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу 4 поени. Вкупниот успех од училишната матура (а) може да донесе најмногу 20 поени.

(а) = ($Пр_1$ + $Пр_2$)х1,6 + П Х 0,8 = најмногу 20 поени

а4) На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование (кандидати со меѓународна матура),** бодирањето на успехот постигнат во средно образование се врши на следниов начин:

а.4.1. Успех од средното образование

Бодирањето се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **12.** По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

просечна оценка Х 12 = најмногу 60 поени

(пример со просек 5,00: 5 х 12 = 60 поени)

а.4.2. Успех постигнат на меѓународната матура

Секоја оценка од шесте предмети кои се полагаат на меѓународната матура се множи со **коефициент 1,2**. Вака добиените коефициенти се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **36 поени (б)**.

Оценката добиена на матурската тема се множи со **коефициент 0,8**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени (в)**.

Вкупниот успех од меѓународната матура може да донесе најмногу **40 поени**.

$а_1$ = 1 предмет Х 1,2 = најмногу 6 поени
$а_2$ = 2 предмет Х 1,2 = најмногу 6 поени
$а_3$ = 3 предмет Х 1,2 = најмногу 6 поени
$а_4$ = 4 предмет Х 1,2 = најмногу 6 поени
$а_5$ = 5 предмет Х 1,2 = најмногу 6 поени
$а_6$ = 6 предмет Х 1,2 = најмногу 6 поени

б = збир $а_1$+ $а_2$ +...$а_6$ = најмногу 36 поени

в = матурска тема Х 0,8 = најмногу 4 поени
б+в = најмногу 40 поени

(пример со просек 5,00: (5x1,6) + (5x1,6) + (5x1,6) + (5x1,6) + (5x1,6) + (5x1,6) + (5 x 0,8)= 40 поени)

б) На студиските програми со посебни специфичности селекцијата на кандидатите ќе се врши според **успехот од средното образование и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите**. Кандидатите се рангираат со собирање на бодовите добиени по двата основа.

в) На сите факултети каде се врши проверка на знаењата и умеењата успехот од проверката на знаењата и умеењата учествува со 60%, а општиот успех од средното образование учествува со 40%.

Пресметка на бодовите од успехот во средното образование за кандидатите кои полагале државна матура, кандидати без матура и кандидати со меѓународна матура се врши на следниов начин:

- На факултетите каде се врши проверка на знаењата и умеењата бодовите од успехот од средното образование за кандидатите кои полагале државна матура се добиваат согласно со точката а1), за кандидатите кои се без матура согласно со точката а2), односно точката а.4, за кандидатите со меѓународна матура од Конкурсот. Вкупниот добиен збир по оваа основа се множи со коефициент 0,4. По оваа основа може да се добијат најмногу 40 поени.

Пресметка на бодовите од успехот во средното образование за кандидатите кои полагале училишна матура се врши на следниов начин:

- На факултетите каде се врши проверка на знаењата и умеењата бодовите од успехот од средното образование за кандидатите кои полагале матура се добиваат согласно со точката а.2. од Конкурсот. Вкупниот добиен збир по оваа основа се множи со коефициент 0,5. По оваа основа може да се добијат најмногу 40 поени.

Пресметка на бодовите од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се врши на следниов начин:

- На факултетите каде се врши проверка на знаењата и умеењата вреднувањето на успехот од проверка на знаењата и умеењата на кандидатите се врши со бодување од 0 до 60 поени. Проверката има елиминаторен карактер. Не се рангираат кандидатите што не добиле најмалку 10 поени.

Проверка на знаењата и умеењата ќе се спроведува на следниве факултети:

А. Музичка академија
Б. Ликовна академија
В. Филмска академија
Г. Факултет за образовни науки (проверка на психофизички способности)

Начинот на реализацијата на проверката на знаењата и умеењата е даден во прилог на Конкурсот - *Листа 1*

III. Селекција на кандидатите

1. За реализација на Конкурсот за запишување, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип формира конкурсни комисии за секоја единица. На Музичката академија, Филмска академија и Ликовната академија се формира Комисија за проверка на знаењата и умеењата на кандидатите. На Факултетот за образовни науки се формира Комисија за проверка на психофизички способности.

2. Реализацијата на Конкурсот ќе ја следи Универзитетска конкурсна комисија, која се грижи за доследно почитување на одредбите од Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување, одлучува по приговорите на прелиминарната ранг-листа и донесува решение за прием.

3. Рангирањето на кандидатите го врши Универзитетската конкурсна комисија.

4. Конкурсните комисии на огласната табла и на веб-страницата на Универзитетот ги објавуваат поените од средното образование (среден успех) и резултатите од проверката на знаењата и умеењата на Музичката академија, Филмска академија и Ликовната академија. Кандидатот има право на приговор до Универзитетската конкурсна комисија во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати.

   По објавувањето на прелиминарната ранг-листа на кандидатите за запишување од страна на конкурсната комисија, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа. Приговорот се однесува само на технички пропусти – грешки направени при пресметувањето на бодовите и се упатува до Универзитетската конкурсна комисија. Решението на Универзитетската конкурсна комисија е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла на Универзитетот.

   По истекот на роковите за поднесување на приговори и за нивно решавање, Универзитетската конкурсна комисија објавува решение за прием на студенти за секоја единица на Универзитетот одделно (конечна ранг-листа), врз основа на која се врши запишување на студенти.

5. На студиските програми на кои по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места се врши запишување во втор и трет уписен рок.

6. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет кандидати) факултетот ги запишува сите вакви кандидати. Ако, пак, бројот на ваквите кандидати е поголем од пет, предност имаат кандидати – добитници на награди на државни и меѓународни натпревари во области значајни за соодветната студиска програма.

   Доколку во вториот уписен рок се повтори истата ситуација, се примаат онолку кандидати колку што е утврдено со Конкурсот, а предност имаат кандидати – добитници на награди на државни и меѓународни натпревари во области значајни за соодветната студиска програма. Видот и соодветноста на наградите ги утврдува факултетот – носител на студиската програма.

7. Студентите во државна квота се запишуваат со плаќање надоместок во износ од 200 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ, студентите во квотата за кофинансирање се запишуваат со плаќање надоместок за кофинансирање на студиите во износ од 400 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ. Вонредните студенти се запишуваат со плаќање надомест во износ од 400 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ. Плаќањето се врши во четири еднакви рати на почетокот и на крајот на секој семестар, за секоја студиска година во текот на целото студирање.

8. На единиците на Универзитетот на кои се организираат студии на англиски јазик, 50% од квотата ќе се запишат државјани на Р. Македонија, а 50% странски државјани.

9. Универзитетот нема да наплатува партиципација за:
   - лица без родители помлади од 26 години, доколку се невработени;
   - лица со инвалидност, согласно уредбата на Владата
   - воени инвалиди;
   - лица растени во домови за напуштени деца, доколку се невработени

Универзитетот ќе наплатува половина од износот на уписнината во рамки на државната квота, односно во рамки на квотата со кофинансирање на студиите, во учебната 2018/2019 г. за студенти чие родителско право го врши само еден родител, и тоа:

- еден (1) студент за секоја студиска програма за која се определени од 20 до 40 места во државна квота и еден (1) студент за секоја студиска програма за која се определени од 20 до 40 места во квотата со кофинансирање на студиите
- двајца (2) студент за секоја студиска програма за која се определени повеќе од 40 места во државна квота и двајца (2) студент за секоја студиска програма за која се определени повеќе од 40 места во квотата со кофинансирање на студиите

Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Македонија.

10. Припадниците на безбедносните сили, децата на загинат (во вооружени дејствија) или починат (смрт што настапила како директна последица од рана или повреда стекната во текот на вооружените дејствија) припадник на безбедносните сили, утврдени со одредбите од член 2 и член 4 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства („Сл. весник на РМ“ бр. 2/2002, 17/2003 и 30/2004 и 66 од 31.05.2007), во учебната 2018/2019 година ќе се запишуваат надвор од државната квота без плаќање кофинансирање, под услови за запишување утврдени во овој Конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу 10% од вкупниот број студенти на соодветна студиска програма.

    Правото од претходниот став кандидатите го остварува при пријавувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.
11. Студентите од ромска националност, кои ќе се запишат во учебната 2018/2019 година се ослободени од партиципација за прв и втор семестар согласно проектот на Владата на Република Македонија, Декада на Ромите.

IV. Запишување вонредни студенти

1. Како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат потпишано изјава во која се наведува причината за вонредното студирање под целосна лична одговорност.

2. Вонредни студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.

V. Запишување на студенти со кофинансирање

1. На Универзитетот, како редовни студенти на одделните студиски програми, се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата.

2. Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот утврден во глава I од Конкурсот го плаќаат во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на РМ. За студентите кои плаќаат надоместок за кофинансирање на студиите во износ од 400 евра плаќањето се врши во 4 (четири) еднакви рати на почетокот и на крајот на секој семестар, за секоја студиска година во текот на целото студирање.
3. За останатите плаќањето се врши во две еднакви рати на почетокот од секој семестар.
4. Листата на примените кандидати во оваа категорија ја утврдува Универзитетската конкурсна комисија врз основа на ранг-листа.
5. Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со факултетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

VI. Кандидати со завршено средно образование во странство

а) Странски државјани

1. Странските државјани се запишуваат надвор од квотите утврдени во Конкурсот, **најмногу 20%** од квотата за упис на студенти за секоја единица на Универзитетот.
2. Странски студент кој аплицира да биде студент на студиските програми на Универзитетот треба да поседува: копија од потврдата издадена од Министерство за образование и наука за започнување на постапка за нострификација на дипломата од средно образование, копија од документите кои се доставени до Министерство за образование и наука за нострификација на дипломата од средно образование, лекарско уверение за психофизичка состојба издадена од лекар специјалист во државата од која доаѓа странскиот студент преведена на македонски јазик од овластен судски преведувач.
2. По примањето на апликацијата и разгледување на документите од страна на Универзитетот, странскиот студент се упатува на подготвителна настава, т.е. посетување на курс за јазици, за што Универзитетот издава потврда дека студентот е студент на Универзитетот и истиот е запишан на подготвителна настава на Универзитетот.
3. По завршување на подготвителната настава странскиот студент најдоцна до 1 септември ги поднесува следниве документи за упис на студиските програми на Универзитетот:

- Сертификат А1 и А2;
- Решение за нострификација на диплома за завршено средно образование издадено од Министерството за образование и наука;
- Оргинални документите кои се доставени до Министерство за образование и наука за нострификација на дипломата од средно образование;
- Лекарско уверение за психофизичка состојба издадена од лекар специјалист во државата од која доаѓа странскиот студент преведена на македонски јазик од овластен судски преведувач (не постаро од 6 месеци);
- Уверение за кривична неосудуваност на странскиот студент издадено од орган во државата од каде што доаѓа странскиот студент преведено на македонски јазик кај овластен судски преведувач.

4. На странските државјани кои се пријавуваат на Музичка академија, Филмска академија и Ликовна академија им се врши проверка на знаењата и умеењата.
5. Надометокот за плаќање на студиите за странските редовни студенти за учебната 2018/2019 година изнесува 1000 евра (во денарска противвредност) за една година на сите единици, освен на Факултетот за медицински науки, каде што за една година се наплаќа 1500 евра (во денарска противвредност) и 100 евра (во денарска противвредност) за лабораториски трошоци за секоја студиска година.
   Во оваа категорија влегуваат и кандидатите странски државјани чии родители или пак тие работат во дипломатските претставништва во Република Македонија.

б) Иселеници и државјани на РМ со завршено целокупно средно образование и со дел на средното образование во странство

1. Кандидатите, државјани на РМ, кои целокупното средно образование го завршиле во странство, се запишуваат надвор од квотата, најмногу 10% од вкупниот број на студенти коишто се запишуваат во прва година на ниво на факултет.

VII. Дополнителни квоти утврдени од Владата на РМ

1. За обезбедување на правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Р. Македонија, дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број изнесува најмногу 10% од вкупниот број на студенти коишто се запишуваат во прва година на ниво на факултет. Притоа, во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население во Република Македонија.
   На студиските програми, кои освен на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип се застапени и на Државниот универзитет во Тетово, припадниците на албанската заедница ќе се запишуваат само во редовните квоти.

VIII. Рокови за пријавување, проверка на знаења и умееење и запишување

РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ 2018/2019 ГОДИНА	**II УПИСЕН РОК**		**III УПИСЕН РОК**	
	ВИД НА СТУДИСКИ ПРОГРАМИ			
	Со проверка на знаења и умеења	**Без проверка на знаења и умеења**	**Со проверка на знаења и умеења**	**Без проверка на знаења и умеења**
Пријавување на кандидатите	**14 и 17 септември**	**14 и 17 септември**	**26 септември**	**26 септември**
Објавување на резулати од успехот во средно образование	**21 септември**	**21 септември**	**1 октомври**	**1 октомври**
Проверка на знаења и умееења*	**18, 19 и 20 септември**	**/**	**27, 28 и 29 септември**	**/**
Објавување на резултати од проверката на знаења и умееења	**21 септември**	**/**	**1 октомври**	**/**
Објавување на решение за прием на кандидатите	**24 септември**	**24 септември**	**2 октомври**	**2 октомври**
Запишување на кандидатите	**25 септември**	**25 септември**	**3 октомври**	**3 октомври**

*** II (втор) уписен рок – Приговори по прелиминарно објавени резултати на 24 септември**
*** III (трет) уписен рок – Приговори по прелиминарно објавени резултати на 2 октомври**

X. Документи за пријавување и запишување

При пријавувањето за запишување на Универзитетот, кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

- пријава за запишување;
- оригинални свидетелства од сите класови;
- државна матура, меѓународна матура или училишна матура;

- свидетелство за завршено средно образование;
- извод од матичната книга на родените;
- доказ за државјанство на РМ (уверение или решение).
- Потврда за уплатени:

- **300 денари** на жиро-сметка на Универзитетот за студиски програми за кои **не се врши проверка** на знаењата и умеењата, односно и уплата за административна такса од 50,00 денари;
- **500 денари** на жиро-сметка на Универзитетот за студиски програми **за кои се врши проверка** на знаењата и умеењата и уплата за административна такса од 50,00 денари.

Жиро-сметка на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип 100000000063095
Сметка на корисник 1600160330-788-18
Приходна шифра 723019
Програма 44
Образец ПП-50

Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти ги поднесуваат, освен горенаведените, и документите наведени во глава **IV**, точка 1.

Свидетелствата стекнати во странство на кандидатите од глава **VI**, дел а) и б) треба да бидат нострифицирани.

Заинтересираните кандидати се пријавуваат:

Во **Штип** се пријавуваат кандидати за сите факултети (студиски програми) предвидени во Конкурсот.

Во **Струмица за**: Правен факултет, Економски факултет, Земјоделски факултет, Филолошки факултет, Електротехнички факултет и Машински факултет.

Во **Скопје за:**. Економски факултет, Факултет за информатика, Факултет за природни и технички науки и Факултет за туризам и бизнис логистика

Во **Радовиш за**: Електротехнички факултет

Во **Кавадарци за**: Земјоделски факултет, Факултет за информатика, Факултет за природни и технички науки

Во **Прилеп за:** Земјоделски факултет, Факултет за природни и технички науки и Технолошко-технички факултет

Во **Гевгелија за**: Факултет за туризам и бизнис логистика

Во **Виница за**: Машински факултет

Во **Пробиштип за**: Технолошко-технички факултет

Запишувањето по објавената листа за прием се врши со оригинални документи.

При запишувањето, примените кандидати поднесуваат:

1. индекс и студентска легитимација;
2. три фотографии (2 од 6x9; 1 од 4x5);
3. пријавни листови;
4. потврда (Полиса и Договор) за лично осигурување за период на траење на студиите од прв циклус во осигурителна компанија по избор на студентот, со минимален износ од 150,00 денари годишно.
5. Потврди за уплати согласно Одлуката за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на Универзитетот објавена во Универзитетски гласник број 25, од декември 2012 година

Студентот запишан на една студиска програма на некоја од студиските програми на Универзитетот како редовен, во текот на студирањето може да го промени својот статус и тоа:

- Редовен студент во државна квота во кофинансирање или вонредно студирање или на друга студиска програма со ист статус
- Не е дозволено префрлување од кофинансирање или вонредно студирање во државна квота

Листа 1

Студиски програми за кои се врши проверка на знаења и умеења

Музичка академија

Оддел за Дипломиран музички реоретичар и музички педагог
Оддел за Дипломиран етнокореолог
Оддел за Дипломиран музичар изведувач
Оддел за Дипломиран џез музичар
Оддел за Дипломиран музичар изведувач на чалгиски инструмент
Оддлел за Дипломиран композитор
Оддел за Дипломиран музичко сценски режисер

Ликовна академија

Класично сликарство
Вајарство

Филмска академија

Современ танц

Студиски програми за кои се врши проверка на психофизички способности

Факултет за образовни науки

Одделенска настава
Предучилишно воспитување

Детални информации за содржините и начинот на тестирањето може да се најдат на ВЕБ-СТРАНИЦАТА: http://www.ugd.edu.mk/

КОНКУРСОТ Е ОБЈАВЕН НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА: http://www.ugd.edu.mk/